МЦМС и Обединетата македонска дијаспора (ОМД) и оваа година ќе го спроведуваат проектот „ **Родум од Македонија**“ и ќе им овозможат на неколкумина студенти од македонската дијаспора да престојуваат во Македонија и да се поврзат со своите корени, традиција и култура. Тринеделниот престој ќе биде организиран **во периодот од 29 јуни до 20 јули 2018 година** во Скопје.



Студентите од македонската дијаспора вообичаено се сместени во семејства домаќини. МЦМС ги поканува заинтересираните кои имаат можност и сакаат да се пријават и да бидат дел од „Родум од Македонија“. **Повеќе информации** за пријавувањето можете да најдете во веќе објавениот Оглас .

„Родум од Македонија“ успешно се спроведуваше во претходните три години кога можноста ја искористија четворица студенти во првата година, шест во втората и осум во третата година.

Вашиот интерес да бидете домаќини на еден од студентите, можете да го искажете на е-маилот: jch@mcms.mk **најдоцна до 31 мај 2018 година.**

„Родум од Македонија“ е дел од глобалниот проект „The Macedonian Heritage Village“.